

## Превенција

- Хранете се здраво, секојдневно внесувајте доволни количества на овошје и зеленчук
- Бидете физички активни, одвојте барем 30 минути во текот на денот за да прошетате
- Спијте доволно
- Избегнувајте го алкохолот, дрогата и цигарите бидејќи тие го ослабнуваат твојот имунитет!

## Вакцина



БЦГ вакцината е важна превентивна мерка против болеста и овозможува заштита од тешки малигни форми на туберкулоза во детската возраст.

Вакцината е задолжителна и ја добива секое новороденче од третиот до петиот ден по раѓањето.

Ревакцинација се врши во прво одделение, на седумгодишна возраст, со претходна контрола на реактивноста на организмот кон туберкулоза

Со редовна контрола на Вашето здравје вие се заштитувате себеси како и здравјето на Вашите блиски

Поддржано од

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Investing in our future
The Global Fund
To Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria

www.redcross.org.mk

# ШТО Е ТУБЕРКУЛОЗА

Црвен крст на Република Македонија



## Што е туберкулоза?

Туберкулозата е болест која е предизвикана од бактериска инфекција (Mycobacterium tuberculosis). Најчесто ги зафаќа белите дробови, но може да го зафати било кој друг дел од телото.



## Како се пренесува?

Туберкулозата е заразно заболување кое се пренесува преку близок и долготраен контакт со инфицирани лица или предмети.

Бактериите може да се пренесуваат по пат на кашлање, кивање, зборување и смеење.



## Кои се симптомите?

- кашлица подолга од три недели
- искашлување крв
- болка во градите
- покачена температура, потење, треска
- губење на апетит и тежина

Доколку имате било кој од овие симтоми и знаци, потребно е веднаш да побарате лекарска помош.

## Како до дијагнозата?



- Епидемиолошка анкета- дали во семејството или блиската околина има познат извор на зараза (болен со активна туберкулоза)
- Клинички, доколку ги имате некои од карактеристичните симптоми на болеста
- Бактериолошки-врз основа на бактериолошко иследување на искашлокот и изолирање на туберкулозните бацили во него
- Рентгенска слика на белите дробови



## Што ќе се случи доколку кај вас се открие дека имате туберкулоза?

- Не грижете се, туберкулозата може да се лекува и излекува.
- Лекувањето од туберкулоза во нашата земја е бесплатно.
- Лекувајќи се, се заштитувате себе и своето семејство.
- Најважно е да лековите се земаат секојдневно, според упатството на лекарот.

## Превенција



- Правилното лекување на лицата заболени од туберкулоза е најдобра превенција од пренесување на болеста кај други лица. Доколку го прекинете земањето на лековите, болеста може да се повтори но во потешка форма.
- Секогаш користете шамиче за да ја покриете устата и носот при кашлање и кивање.
- Редовно проветрување на просториите и изложување на сончева светлина во голема мера го намалува ризикот од инфекција